Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-407/2
27-05-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08–407/1 од 15.05.2024 година, поднесена од лицето [redacted] на ОУД "Лазар Лазаревски" Велес, за извршена дискриминација од страна на градоначалникот на Општина Велес, г-дин Марко Колев, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20), го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08–407/1 од 15.05.2024 година, поднесена од лицето [redacted] од Велес, **ЗАРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 15.05.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на лицето [redacted] од Велес, за извршена дискриминација од страна на градоначалникот на Општина Велес, г-дин Марко Колев.

Во претставката подносителот наведува дека на 19.04.2024 година од страна на градоначалникот на Општина Велес, г-дин Марко Колев му бил доставен допис – барање со кој од него се барало да ја достави целокупната документација со која аплицирал на објавен оглас за избор на директор во текот на 2021 година. Според подносителот нејасно било зошто од него се барало да се достават докази кои биле предмет на оцена на институцијата градоначалник и врз основа на кои е извршен неговиот избор за директор. Понатаму подносителот наведува дека не е образложена причината за ваквото барање поради што наведува дека градоначалникот Марко Колев ја злоупотребувал сопствената службена положба и овластување и постапувал во насока на преземање на улога на орган на прогон и вршел притисок злоупотребувајќи ја институцијата градоначалник за лични и партиски цели.

Од наводите во претставката Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека нема надлежност за постапување по конкретното прашање согласно нејзините утврдени надлежности со член 21 став (1) од Закон за спречување и заштита од дискриминација.

Имено, Комисијата го упатува подносителот да оствари заштита на своите права пред надлежните правосудни органи доколку смета дека од страна на градоначалникот се сторени дејствија кои имаат обележја на кривично дело, казниво според Кривичниот Законик.

Согласно изнесеното, се одлучи како во диспозитивнот на овој заклучок.

Скопје
27.05.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на КСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk